Бр. 04-559/23
28.09.18
Гевгелија

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 2 и став 3, член 48 од Законот за административни службеници (сл. в. на Р.М. бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 ) и Правилникот за формата и содржината на интерен оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административна селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максимален број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас (сл. в. на Р.М. бр. 11/15 и 35/18), ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Гевгелија објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ ВО ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ГЕВГЕЛИЈА**

1. Се објавува интерен оглас за унапредување на административни службеници за следното работно место:

01. СО30102В04002 –помлад соработник- одговорен сметководител во оддел за административни работи - 1 извршител

Посебните услови за работното место за нивото В4 се:
- Ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалилфикации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Економски науки, организациони науки и управување (менаџмент) – дипломиран менаџер по бизнис логистика;
- за ниво В4 најмалку со или без работно искуство;
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветно работно место;
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на европска унија (Англиски, Француски, Германски).

2. На интерниот оглас може да се јават административни службеници вработени во ЈУ меѓуопштински центар за социјална работа - Гевгелија кои ги исполнуваат општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишано за соодветното ниво во Законот за административни службеници и актот на систематизација.

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;
- да е оценет со оценка "А" или "Б" при последното оценување;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на тековното работно место; и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Распоред на работно време:
-работни часови во неделата 40
-работно време од понеделник до петок од 7:30/8:30 до 15:30/16:30
-паричен износ на основна плата 23.197,00

3. Кандидатите за унапредување се пријавуваат на интерниот оглас со поднесување на пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата во рок од 5 дена сметано од денот на објавување на огласот на огласна табла на ЈУ МЦСР Гевгелија.

Пријавата со потребите докази се поднесува во архива на ЈУ МЦСР Гевгелија.

Кандидатите со пријавата треба да ги достават доказите за исполнување на условите во оригинална форма или копија заверена кај нотар и тоа:

- Доказ за државјанство;
- Доказ дека не им е изречена забрана на вршење професија, дејност или должност;
- Уверение / диплома за завршен степен на образование;
- Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- Доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на европската унија (Англиски, Француски или Германски);
- Кратка Биографија; и
- Писмо за мотивација.

4. Пријавените кандидати на интерниот оглас ќе бидат известени за времето и местото на одржување на секоја следна фаза од постапката за унапредување на административен службеник и тоа:

- Фаза 1 - Административна селекција; и
- Фаза 2 - Интервју.

**НАПОМЕНА:**

Во пријавата кандидатите должни се под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

5. Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата или за кој се утврди дека внел лажни податоци ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

Директор

Лазо Трајков